РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-360/8
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 6 – та седница одржана на 12.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Предметот заведен под број 09-360/1 од 24.01.2024 година против службеното лице --------, член на Управниот одбор на ---------- и член на Управниот одбор на -----------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК заклучи дека е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што е спроведена постапка за порамнување.
ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај, бидејќи е настаната и промена на фактичката состојба.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-360/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно член 17 став (1) точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.
Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето -------- со бр. 09-9771/1 од 28.12.2022 година, Државната комисија утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата член на Управниот одбор на --------- исто време ја врши и функцијата член на Управен одбор на -------------, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Со цел проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето -----------, ДКСК се обрати до наведеното лице со Известување и барање на

информација бр. 09-360/2 од 06.02.2024 година, за да ги прибави актите за избор/именување или разрешување од двете наведни функции.
Врз основа на доставениот допис, Доставување на информација со бр. 09-360/3 од 20.02.2024 година од страна на ------------, ДКСК утврди дека лицето поднело Барање за разрешување од член на Управниот одбор на ------------, по што во прилог достави доказ со приемен печат од Владата на РСМ од ден 14.02.2024 година. Исто така лицето до ДКСК достави Решение за разрешување од должноста член на Управниот одбор на ----------- со бр.14-2392/2 од 27.02.2024 година, заведено во ДКСК под бр. 09-360/4 од 06.03.2024 година.
По анализа на добиената документација и утврдување на фактичката состојба, ДКСК заклучи дека лицето ----------- го прекршила член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК одлучи да спроведе постапка за порамнување против лицето ------------ и до истото достави Записник за констатиран прекршок со бр.09-360/5 од 29.04.2024 година и Прекршочен платен налог со бр.09-360/6 од 29.04.2024 година.
Службеното лице ја плати глобата во законски даден рок и достави до ДКСК уплатница заведена под бр. 09-360/7 од 10.05.2024.
ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај бидејќи лицето ја надмина состојбата на неспојливост на функции и изврши уплата на законски предвидената глоба за прекршување на одредби од ЗСКСИ.
Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: Б.Ц. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk